ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:** 09-13/11

**Дата:** 10.05.2011

ДО
ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
ОПШТА БОЛНИЦА СТРУМИЦА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Општа болница Струмица (во натамошниот текст Општа болница) за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние не бевме во можност да изразиме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива, изразуваме негативно мислење.

Со издавањето на лекови и медицински потрошен материјал од магацинот за потребите на организационите единици се врши веднаш намалување на залихите на лекови и медицински потрошен материјал, без разлика што истите сеуште не се потрошени и се на залиха во пооделните организациони единици, со што се создава ризик од злоупотреба на наведените лекови и медицински потрошен материјал за приватни цели и можност од незаконско и ненаменско користење на средствата.

Ревизијата препорачува надлежните органи за управување и раководење со Општата болница да превземат мерки и активности за интегрирање на

софтверот за материјална евиденција на залихата на лекови и медицински материјали со софтверот за амбулантско и болничко работење каде се искажува реалниот потрошок во пресметките за извршени здравствени услуги.

За извршените здравствени услуги по Националните превентивни и куративни програми за здравствена заштита за 2009 година и тоа во делот на болести на зависности во вкупен износ од 2.153 илјади денари, Општата болница располага со збирна фактура во која е наведен само вкупниот број на пресметки и вкупниот износ на фактурирани услуги. Прилозите кон фактурите се доставени до Министерство за здравство, копија на истите не е одложена во документацијата на Општата болница, поради што ревизија не можеше да констатира дали утврдените единечни цени во програмата соодветствуваат со цените по кои се врши фактурирањето.
Ревизијата препорачува евиденцијата на наведените побарувањата да се врши врз основа на комплетна поткрепувачка документација.

При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2008 и 2009 година, ревизијата констатира состојби кои упатуваат на постапувања кои не се во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тоа во делот на: донесување на планот за јавни набавки, утврдување на вредноста на набавката во одлуките за јавни набавки, спроведување на постапки без комплетна тендерска документација, превземање обврски по склучени анекси кон основните договори, како и надминување на вредноста на склучените договори.
Ревизијата препорачува надлежните органи за управување и раководење со Општата болница да превземат мерки и активности за пропишување и донесување на политики и процедури за начинот на постапување при вршењето на набавките и да ги задолжат одговорните лица за нивно доследно имплементирање.

Одредбите на член 68-а од Законот за здравствено осигурување упатуваат дека Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија (во понатамошниот текст ФЗОМ) се јавува како купувач на здравствените услуги од здравствените установи, а во интерес на осигурените лица. Констатиравме системска слабост, дека во суштина нема вистинско купување на извршените здравствени услуги, односно финансирањето се врши во рамките на утврдени буџетски плафони по пат на пренесување на 1/12 од одобрените средства, како и не применување на пропишаните критериуми за надоместување (фиксен и променлив), а пред се во делот на следење и утврдување на остварените цели. Утврдената состојба влијае Општата болница континуирано да искажува поголем обем на извршени здравствени услуги, кои со состојба на ден 31.12.2009 година изнесуваат 69.209 илјади денари, кои согласно одредбите од склучениот

договор на крајот од годината се отпишуваат. Ревизијата смета дека со лимитирање на износот на средства кој ФЗОМ го исплаќа за извршени здравствени услуги, Општата болница ќе се доведе во ситуација да го ограничи обемот на своето работење преку ограничен прием на пациенти или да врши здравствени услуги кои нема да бидат платени од страна на ФЗОМ, со што ќе се намалува ликвидноста и ќе се доведе во прашање нејзиното функционирање, како и други можни последици по установата и пациентите.

Општата болница склучила договори и извршила набавка на лек по цена која е за три до пет пати, зависно од јачината на лекот, повисока од референтната цена односно од цената која ја утврдува ФЗОМ и претставува максимален износ кој ФЗОМ го плаќа на Општата болница. Висината на понудената цена од страна на економскиот оператор е во рамките на утврдената единствена цена, која ја формира Бирото за лекови и до која правните лица кои вршат промет со лекови, се должни да ги продаваат лековите. Набавката на лекот продолжува и во текот на 2010 година.
Министерството за здравство, Бирото за лекови и ФЗОМ, како надлежни институции, потребно е за лековите каде постои значително отстапување помеѓу единствената и референтната цена, да ги преиспитаат утврдените цени, да ги утврдат причините за вака големите разлики и да превземат мерки и активности за нивно усогласување. Овие состојби треба да се имаат во предвид и при изработката на Методологијата за начинот на формирање на цените на лековите, која на предлог на министерот за здравство треба да ја донесе Владата на Република Македонија во 2011 година.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 21-23 заедно со ревизија на усогласеност на Општа болница Струмица, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Универзитетската клиника за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- Д-р Ирфан Максудов, директор на Општата болница од 11.12.2007 година и
- Дипл. економист, Ристо Пецев, директор на Општата болница од 11.12.2007 година до 20.08.2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите,

финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Универзитетската клиника се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата опишани во делот „Цели и делокруг на ревизија„, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Не се обезбедени достатни и соодветни податоци за потврдување на залихите и за вкупниот потрошок, потрошокот по вид на лек и медицински потрошен материјал, Општата болница не располага со комплетна документација од која може да се потврди вредноста на сите извршени градежни работи за изградбата на

новиот објект. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 1.12.2010 до 30.12.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години

За годините кои и претходат на годината, што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на ден 16.02.2011 година.
На ден 06.04.2011 година примени се забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор заведени под број 09-13/10 од 06.04.2011 година.
Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки и констатира дека забелешките на препораките на точките 4.1.1., 4.2.3., 4.3.3. и 4.3.5. претставуваат **известување** за превземените активности по дадените препораки, за кои Општата болница има доставено дополнителни докази, поради што дел од препораките се менуваат.
Забелешките на точките 4.2.1., 4.2.2., 4.3.1., 4.3.2., 4.4.1. и 6.3. **не се прифаќаат** поради тоа што дел од доставените забелешки претставуваат информирање за причините за утврдените состојби, без притоа да се презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или променат утврдените состојби од страна на ревизијата.

Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

## 4.1. Интерни контроли

### Процес на управување и евидентирање на залихи

4.1.1. Општа болница нема пишани процедури за процесот на прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихата на лекови и медицински потрошен материјал во рамките на Болничка аптека и во рамките на секоја организациона единица одделно. Ваквата состојба предизвикува ризик искажаните податоци да не ја отсликуваат реалната состојба на залихите на Универзитетската клиника како и нивниот потрошок во текот на годината и постои можност од злоупотреба при нивно користење и располагање.
По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на Општата болница изготвена е и доставена е процедура за управувањето со залихите на лековите и медицинскиот потрошен материјал и тоа Упатство за нарачка, прием, издавање и евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал во Болничка аптека, болничките одделенија и специјалистичко-консултативни амбуланти при ЈЗУ Општа болница број 02-1370/2 од 30.03.2011 година.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Општата болница да превземат активности со кои ќе се овозможат доследно имплементирање на процедурата за управувањето со залихите на лекови и медицинскиот потрошен материјал.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. За непречено извршување на здравствените услуги, во текот на 2009 година употребени се лекови и медицински потрошен материјал во износ од 94.965 илјади денари. Воспоставена е пракса издавањето на лекови и медицински потрошен материјал од Болничка аптека за потребите на одделните организациони единици, каде се формираат помошни магацини, да се издава по пат на требовање и испратници, при што се врши веднаш намалување на залихите на лекови и медицински потрошен материјал, без разлика што истите сеуште не се потрошени, се на залиха во пооделните организациони единици. Евиденцијата на лекови и медицински материјали во организациони единици се врши рачно, односно приемот се евидентира во „рачни приемни книги„, а потрошокот по пациент на болнички листи.

Евиденцијата на потрошокот на лекови и медицински потрошен материјал е искажана во пресметките за извршените здравствени услуги, за кои Општата болница нема податоци за вкупниот потрошок, потрошокот по вид на лек и медицински потрошен материјал. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Правилникот за сметководство за буџет и буџетски корисници, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и создава ризик од злоупотреба на наведените лекови и медицински потрошен материјал за приватни цели и можност од незаконско и ненаменско користење на средствата.

Ваквата состојба има за ефект ограничување на делокругот на вршење на ревизијата, поради што ревизијата не беше во состојба да прибави достатни соодветни ревизорски докази за да изрази мислење за залихите и реалните расходи на лекови и медицински потрошен материјал.

Во планот за јавни набавки за 2011 година, предвидена е набавка на хардвер и софтвер.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Општата болница да ги продолжат активностите, евиденцијата на залихите на лековите и медицинскиот потрошен материјал да се врши со примена на софтверско решение, со кое ќе се изврши интегрирање на материјална евиденција на залихата на лекови и медицински материјали во магацинот за лекови, материјалната евиденција по одделенијата и евидентирањето на потрошок во пресметките за извршени здравствени услуги односно во амбулантското и болничкото евидентирање.

4.2.2. Со ревизија на набавката, производството и издавањето на храната (дневно по три оброци) од кујната за потребите на пациентите кои се болнички згрижени во Општата болница, ревизијата констатира дека Општата болница нема донесено акт за утврдување на нормативи за потрошокот на артиклите за приготвување на храната. Исто така не е воспоставена евиденција на потрошените прехрамбени артикли согласно бројот на пациентите кои се болнички згрижени во Општата болница. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и воспоставената добра пракса што создава несигурност во потврдување на точноста на прикажаниот излез на залихите/искористените прехранбени

продукти од магацинот во кујната во износ од 4.508 илјади денари и можност од неовластено располагање со истите.

**Препорака**
Надлежните органи за управување и раководење со Општата болница да превземат мерки за пропишување на критериуми/нормативи на потребните видови и количини храна за приготвување на оброци во кујната.

4.2.3. Општата болница нема основано Единица за внатрешна ревизија, што не е во согласност член 29 и член 30 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола. Поради невоспоставена внатрешна ревизија, раководството на Универзитетската клиника нема информации за постоење и функционирање на интерните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.
По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на Општата болница извршена е дополна и измена на Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места во ЈЗУ Општа болница, односно Општата болница предвиде Одделение за внатрешна ревизија.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Општата болница да превземат активности за обезбедување средства и согласност од надлежните органи за вработување на работници за потребите на внатрешната ревизија.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.3.1. Во деловните книги на Општа болница евидентирани се материјални средства/градежни објекти чија сегашна набавна вредност изнесува 148.139 илјади денари. На ревизијата не и се презентирани веродостојни документи дека надлежните органи ги превземале потребните мерки за запишување на правото на користење или сопственост на наведените градежни објекти во јавните книги и правото на користење на земјиштето на кое истите се изградени. Утврдената состојба не е во согласност со член 120 од Законот за катастар на недвижности и член 12 од

Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Непревземените активности за запишување на правото на користење или сопственост на недвижностите и обезбедување на веродостојни документи-имотен лист создава ризик од нереално и необјективно прикажување на материјалните средства во Билансот на состојба.

Од страна на Општата болница доставено е Барање за излагање на недвижност број 03-513/6 од 18.12.2008 година до Државен завод за геодетски работи, Одделение за премер и катастар Струмица. За внесување на објектите во катастарска евиденција, Општата болница има спроведена постапка за јавна набавка на услуга-изработка на Геодетски елаборат за запишување на права на сопственост на имотот.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Општата болница да продолжат со отпочнатите активности за обезбедување на потребните акти и да извршат упишување на правото на сопственост или користење на недвижностите.

4.3.2. Во кругот на Општата болница постои нов објект, кој сеуште е во градба, наменет за извршување на здравствената дејноста. Општата болница презентираше Одлука за отстапување на основни средства број 02-6330/12 од 16.05.2008 година, донесена од страна на Управниот одбор на ФЗОМ и Записник за примопредавање на основни средства број 03-2717 од 27.06.2008 година, склучен помеѓу ФЗОМ и Општата болница, на Новиот објект за Општата болница, составен од две крила Блок А и Блок Б, како објект за здравствена заштита. Вредноста на евидентираниот објект/инвестиции во тек во износ од 119.630 илјади денари, е превземена од евиденцијата на ФЗОМ, каде истиот се водел како инвестиција во тек. На ревизијата и беа презентирани договори за асигнации склучени во периодот 2002-2003 година, помеѓу Министерство за финансии, Фонд за здравственото осигурување на Македонија и економските оператори вклучени во проектирањето, изградбата и надзорот на новиот објект. Согласно договорите за асигнација инвеститор на проектот за изградба на новиот објект на Општата болница е Република Македонија преку Министерството за финансии-функции на државата, Програма 13-Телеком.

Општата болница не располага со комплетна документација од која може да се потврди вредноста на сите извршени градежни

работи, што не е во согласност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Поради наведеното, ревизијата не можеше да ја потврди целосноста на евидентираните инвестиции во тек, времето на градба.

**Препорака:**
Општата болница, во соработка со надлежните институции, потребно е да ги превземе потребните активности за обезбедување средства за завршување на започнатите инвестиционо-градежни работи, со цел обезбедување повисок стандард на здравствена заштита на осигурениците.

4.3.3. При увидот на актите од извршениот попис на средствата и изворите на средствата за 2009 година, ревизијата констатира дека не е извршено целосно усогласување на сметководствената со фактичката состојба на залихите на лекови и медицински потрошен материјал. Пописните листи за лекови и медицински потрошен материјал во организационите единици содржат количински, а не и вредности показатели, што не е во согласност со одредбите од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Спроведувањето на нецелосен попис, придонесува залихите на лекови и медицински потрошен материјал во финансиските извештаи да се нереално и необјективно прикажани, како и намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.
По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на Општата болница изготвена е и доставена е Процедура за вршење на попис на целокупните залихи на лекови и медицински потрошен материјал, нивно евидентирање и усогласување на фактичката со сметководствената евиденција број 02-1374/2 од 30.03.2011 година.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Општата болница да превземат активности со кои ќе се овозможи доследно имплементирање на донесената процедура.

4.3.4. Општата болница извршува здравствени услуги по Националните превентивни и куративни програми за здравствена заштита за 2009 година. Со ревизија на начинот на пресметување и фактурирање на дел од извршените здравствени услуги и тоа во

делот на болести на зависности, ревизијата констатира дека за извршените здравствени услуги во текот на 2009 година Општата болница не располага со комплетна веродостојна и поткрепувачка документација, односно располага со збирна фактура во која е наведен само вкупниот број на пресметки и вкупниот износ на фактурирани услуги. Прилозите кон фактурите се доставени до Министерство за здравство, односно копија на истите не е одложена во документацијата на Општата болница. Од расположливата документација ревизија не може да констатира дали утврдените единечни цени во програмата соодветствуваат со цените по кои се врши фактурирањето. Исто така Општата болница до Министерство за здравство не доставува извештаи за реализација на активностите предвидени со Програмата што не е во согласност со одредбите од наведената програма. По горенаведениот основ во деловните книги евидентирани се побарувања за извршени здравствени услуги во износ од 2.153 илјади денари. Горенаведените состојби не се во согласност со одредбите од наведените програми како и со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради што ревизијата не ја потврдува точноста и целосноста на искажаните побарувања за извршени здравствени услуги како и остарените приходи од програмите. Отсуството на потребните информации за остварување на програмските активности влијае врз намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите коишто ги даваат истите, односно влијае врз точноста и целосноста на искажаните побарувања за извршени здравствени услуги како и остарените приходи од програмите

**Препорака:**
Евиденцијата на побарувањата за извршени здравствени услуги по Националните превентивни и куративни програми за здравствена заштита за 2009 година, во делот болести на зависности, да се врши врз основа на комплетна поткрепувачка документација. Исто така до Министерство за здравство да се доставуваат извештаи за реализација на активностите предвидени со програмите за здравствена заштита.

4.3.5. Со извршената анализа на финансиските извештаи на Општата болница констатиравме дека проценувањето на билансите позиции не е извршено согласно сметководственото начело на парично искажување. Ваквиот начин на евидентирање не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството на буџетите

и буџетските корисници поради што спроведени се несоодветни прикажувања на финансиските трансакции во тековната и во минати години, искажана загуба од работењето во износ од 2.240 илјади денари и неусогласеност помеѓу средствата и изворите на средства во финансиските извештаи во износ од 8.015 илјади денари.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Општата болница да спроведат вонреден попис со кој ќе се утврдат активности, ќе се превземат мерки и ќе се дадат предлози за надминување на утврдените разлики и отстапувања на билансните позиции.
Одговорните лица во Службата за економско сметководствено работење, проценувањето на билансните позиции да го вршат согласно сметководственото начело на парично искажување.

## 4.4. Користење на средства согласно законски прописи

4.4.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2008 и 2009 година, извршивме ревизија на 20 од вкупно 64 спроведени постапки. Опфативме 80% од вкупната реализација на склучените договори односно износ од 75.717 илјади денари, при што констатиравме состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, поради следново:

- планот за јавни набавки не е донесен во согласност со утврдените средства за финансирање, односно истиот донесен е на повисок износ за 20.437 илјади денари, што не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки;
- спроведени се 19 постапки за јавни набавки со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас во вкупен износ 2.297 илјади денари, кои не се предвидени во Планот за јавни набавки за 2009 година. Измена и дополнување на Планот за јавни набавки е извршено на ден 11.02.2010 година, што не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки,
- извршени се измени и дополни на одредени ставки од Планот за јавни набавки за 2009 година и тоа: зголемување на износот на ставката "лекови во БА од позитивната листа" за 1.700 илјади денари и намалување на ставките "лабораториски реагенси, тестови и потрошен материјал" и "тестови, реагенси, потрошни материјали за трансфузија" во вкупен износ од 4.400 илјади

денари. Ваквите измени се извршени на ден 11.02.2010 година, односно по превземањето на обврските по склучените договори, што не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки;

- во 2008 и 2009 година склучени се 177 договори за јавна набавка за набавка на стоки и услуги, во кои не е наведена вредноста на договорот, а по кои во 2009 година има реализација во вкупен износ од 72.261 илјади денари. За овие договори до Бирото за јавни набавки доставени се известувања за склучени договори со проценета вредност. Поради ваквата состојба Општата болница нема увид во реализацијата на овие договори, поради што постои можност од превземање на обврски над износот предвиден во Финансискиот план и Планот за јавни набавки, што не е во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки и Законот за облигационите односи,
- Општата болница во известувачкиот период не воспоставила хронолошко следење на реализација на договорите за јавни набавки, што не е во согласност со член 29 точка 2 од Законот за јавни набавки. Во текот на вршење на ревизијата од страна на Општата болница беше изготвен преглед со вкупна реализација по склучените договори за јавна набавка;
- во одлуките за Јавна набавка не се утврдува износот на средства потребен за реализација на набавката, претседателот и членовите на комисијата за јавна набавка, нивниот број и заменици што е спротивно на член 28 од Законот за Јавни набавки. Од август месец 2009 година утврдената состојба е надмината;
- членовите на Комисијата за јавни набавки немаат потпишано Изјави за постоење или непостоење на судир на интереси кои се составен дел од документацијата за соодветната постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 173 од Законот за јавни набавки;
- при спроведување на постапки за јавна набавка во 2008 година, кои имаат реализација во 2009, од страна на Општата болница не била изработувана тендерска документација, туку само техничка спецификација. Не изработувањето на тендерска документација, односно отсуство на барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, оневозможува економските оператори учесници во постапката да не располагаат со целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка што не е во согласност

со член 32 од Законот за јавни набавки. Општата болница во текот на 2009 година изготвува тендерска документација за постапките за јавна набавка кои ги спроведува;

- во текот на 2008 и 2009 година поради потреба од дополнителна испорака на стоки од првобитните носители на набавката, Општата болница склучувала анекси на одредени договори за јавна набавка. Анексите се склучени без да биде спроведена постапка со преговарање без објавување на оглас и во нив не се наведува износот на дополнителните испораки. Со спроведените детални тестирања на превземените обврски по склучените анекси, ревизијата констатира дека кај одделни анекси превземени се обврски од 31% до 80% над вредноста на реализацијата на првобитните договори. Ваквата состојба не е во согласност со член 99 од Законот за јавни набавки (Прилог број 1);
- во постапки за набавка "лабораториски реагенси, тестови и потрошен материјал" и "тестови, реагенси, потрошни материјали за трансфузија" не е обезбедена усогласеност помеѓу износите наведени во Планот за јавни набавки и износите наведени во склучените Договори за јавна набавка, односно склучени се договори на износ поголем за 8.782 илјади денари од износот наведен во Планот за јавни набавки. Утврдената состојба не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки (Прилог број 2);
- во две постапки за јавна набавка не е обезбедена усогласеност помеѓу износите наведени во одлуките за јавна набавка и износот наведен во планот за јавна набавка, односно одлуките за јавна набавка се донесени на износ поголем за 1.400 илјади денари од износот наведен во Планот за јавни набавки . Утврдената состојба не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки (Прилог број 3);
- во постапка за јавна набавка на инсулини и инсулински аналози бр. 6/2008 поднесена е забелешка од страна на незадоволен економски оператор од спроведената постапка до Болницата, без истата да биде доставена во вид на жалба и до Државна комисија за жалби по јавни набавки. По поднесената забелешка одлучила Комисијата за јавни набавки на Болницата, што не е во согласност со член 200 и член 214 од Законот за јавни набавки. Со извршената повторна евалуација од страна на комисијата прифатена е поднесената забелешка и донесено е ново решение за изменување на првобитното решение за избор на најповолна понуда, согласно кое на

економскиот оператор кој ја поднел забелешката, на веќе избраните ставки за најповолна понуда му се додава и ставката со АТЦ код А10АБ05 Apidra (insulin glulisine), која претходно била избрана како најповолна понуда на друг економски оператор. Ваквиот начин на решавање по забелешки од незадоволни економски оператори не е во согласност со одредбите за правна заштита во Законот за јавните набавки и придонесува да се избегне предвидената постапка за правна заштита, а со тоа и да не настанат дејствијата кои ги предизвикува жалбата согласно член 217 од Законот за јавни набавки.

Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавни набавки предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување фер конкуренција, нееднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Општата болница да превземат мерки за пропишување на процедури за начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавните набавки и воспоставување на контроли за нивно следење како и следење на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупниот ефект од изнесените наоди во точките 4.2.1., 4.3.2. и 4.3.3. е необезбедени достатни и соодветни податоци за вкупната залиха и вкупниот потрошок на лекови и медицински потрошен материјал, неизвршено целосно усогласување на сметководствената со фактичката состојба на залихите на лекови и медицински потрошен материјал, односно не е извршена евиденција на залихата на лекови и медицински материјали утврдени со попис по организационите единици, како и не располагање со комплетна документација од која може да се потврди вредноста на сите извршени градежни работи за изградба на новиот објект.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2.1., 4.2.2., 4.3.1., 4.3.2., 4.3.3., 4.3.4. и 4.3.5. ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Општа болница Струмица, на ден 31 декември 2009 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2.1. и 4.4.1., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Општа болница Струмица, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Со одредбите на Законот за здравствена заштита се уредуваат правата на здравствена заштита на граѓаните и системот и организацијата на здравствената заштита во Република Македонија односно се дефинираат видовите на здравствени установи кои вршат здравствена дејност во Р.М. Одредбите на член 68-а упатуваат дека ФЗОМ се јавува како купувач на здравствените услуги од здравствените установи, а во интерес на осигурените лица. За оваа цел Општата болница има склучено Договор за извршување и плаќање здравствени услуги во болничка здравствена заштита .

Со одредбите на наведениот договор се уредени правата и обврските на договорените страни, вклучувајќи го и начинот на фактурирање на извршените услуги и начинот на плаќање на извршените услуги.

Ревизијата констатира дека во суштина нема вистинско купување на извршените здравствени услуги, финансирањето се врши во рамките на утврдени буџетски плафони по пат на пренесување на 1/12 од одобрените средства, да не се врши реално купување на услугите, да не се применуваат пропишаните критериуми за надоместување (фиксен и променлив) а пред се во следење и утврдување на остварените цели.

Утврдената состојба влијае Општата болница континуирано да искажува поголем обем на извршени здравствени услуги, кои со состојба на ден

31.12.2009 година изнесуваат 69.209 илјади денари, но поради одредбите од склучениот договор обврска е истите да ги отпишуваат.

Ревизијата смета дека со лимитирање на износот на средства кој ФЗОМ го исплаќа за извршени здравствени услуги, Општата болница ќе се доведе во ситуација да го ограничи обемот на своето работење преку ограничен прием на пациенти или да врши здравствени услуги кои нема да бидат платени од страна на ФЗОМ со што ќе се намалува ликвидноста и ќе се доведе во прашање неговото функционирање, како и други можни последици по установата и пациентите.

6.2. Владата на Република Македонија согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува Програми за здравствена заштита, со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување, како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица, во обем на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за тековната година.

Распределба на средствата на јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врши Министерство за здравство.

Финансиските средства за остварување на целите по програми, се одобрени во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи. Ваквата состојба придонесува износот на извршените здравствени услуги по програми да ги надминат одобрените средства од Министерство за здравство, односно да се планираат/утврдуваат средства кои не ги одразуваат реалните потреби односно не се доволни за подмирување на трошоците направени за спроведување на потребните активности и давање на загарантираните здравствени услуги, поради што Општата болница на 31.12.2009 година има ненаплатени побарувања во износ од 3.522 илјади денари. Износот на ненаплатеното побарување со Одлука за усвојување на пописот на имовината за 2009 година е отпишан од сметководствената евиденција, иако не постои правен основ за отпис на истите, односно истите не се застарени и потекнуваат од 2009 година. Во 2010 година, од страна на Управниот одбор донесена е Одлука за измена на Одлуката за усвојување на пописот на имовината за 2009 година со која повторно износот од 3.522 илјади денари како ненаплатено побарување за 2009 година повторно се евидентира но во деловните книги за 2010 година.

6.3. Општата болница во 2009 година склучила договори за набавка на лек (Bonviva) по цена од 6.617 денари и 6.956 денари, согласно јачината на лекот. Правните лица кои вршат промет со лекови се должни да ги продаваат лековите до висина на утврдените единствени цени, формирани од страна на Бирото за лекови, во согласност со Законот за лековите и медицинските помагала. Единствената цена за набавка на наведениот лек, утврдена од страна на Бирото за лекови, изнесува 7.667 денари и 8.006 денари, зависно од јачината на лекот. Од друга страна, утврдената референтна цена од ФЗОМ, со одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ, која претставува максимален износ кој ФЗОМ го обезбедува односно плаќа на Општата болница, изнесува 2.324 денари и 1.549 денари зависно од јачината на лекот. Поради набавка на лекот по цени кои се за околу три до пет пати повисоки од референтната цена, Универзитетската клиника во текот на 2009 година има превземено обврски во повисок износ за 1.571 илјади денари. Набавката на лекот по наведената цена продолжува и во текот на 2010 година.

Ревизијата смета дека Министерството за здравство, Бирото за лекови и ФЗОМ, како надлежни институции, потребно е за лековите каде постои значително отстапување помеѓу единствената и референтната цена, да ги преиспитаат утврдените цени, да ги утврдат причините за вака големите разлики и да превземат мерки и активности за нивно усогласување. Овие состојби треба да се имаат во предвид и при изработката на Методологијата за начинот на формирање на цените на лековите, која на предлог на министерот за здравство треба да ја донесе Владата на РМ, заклучно со февруари 2011 година.

## 7. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

7.1. Во тек се повеќе судски постапки, чиј исход ќе има влијание на износот на обврските на Општата болница, и тоа:

- 3 судски постапки во кои тужена страна е Општата болница и тоа 2 парнични постапки со вкупна вредност од 5.245 илјади денари и 1 судска постапка за право од работен однос во износ од 40 илјади денари и
- 39 судски постапки во кои тужител е Општата болница по основ на ненаплатени побарувања за извршени здравствени услуги во вкупен износ од 337 илјади денари.

7.2. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Општата болница во текот на ревизијата:

- Во текот на вршење на ревизијата извршени се корекции на одделни позиции искажани во финансиските извештаи за 2009 година, поради сметководствени грешки кои што субјектот ги прифати и евидентира во деловните книги и финансиски извештаи под 31.12.2009 година, кои што како ефекти од ревизијата ја намалуваат вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2009 година за 2.698 илјади денари. Исправките се спроведени со налози за книжење број 95/6 од 31.12.2010 година.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 14,735 | 12,893 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 241,780 | 242,902 |
| **Вкупно приходи** | | **256,515** | **255,795** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 163,737 | 144,131 |
| Стоки и услуги | 3.3.2. | 84,927 | 102,709 |
| Каматни плаќања | 3.3.3. | - | 908 |
| Субвенции и трансфери | 3.3.4. | 27 | 57 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **248,691** | **247,805** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.5. | 7,732 | 1,905 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **7,732** | **1,905** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **256,423** | **249,710** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 92 | 6,170 |
| Побарувања | 4.1.2. | 3,142 | 19,499 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3. | 2,471 | 203 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.4. | - | 17 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5. | 58,413 | 32,821 |
| Залихи | 4.1.6. | 22,917 | 17,382 |
| **Вкупно тековни средства** | | **87,035** | **76,092** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 170,199 | 151,912 |
| **Вкупно постојани средства** | | **170,199** | **151,912** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | 4.3. | 2,240 | 2,240 |
| **Вкупна актива** | | **259,474** | **230,244** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 44,953 | 21,676 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.4.2. | 17 | 529 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.3. | 13,443 | 10,968 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.4. | 5,588 | 25,055 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **64,001** | **58,228** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 186,593 | 163,136 |
| Ревалоризациона резерва | 4.5.2. | 8,880 | 8,880 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **195,473** | **172,016** |
| **Вкупна пасива** | | **259,474** | **230,244** |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
ОПШТА БОЛНИЦА СТРУМИЦА
Бр. 03-1032/3
5.04. 2011 год.
СТРУМИЦА

# ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА СТРУМИЦА

**ДО**
**ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН**
**РЕВИЗОР**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на постапување и забелешки
по Нацрт-Извештај Ваш бр. 09-13/2 од 08.03.2011 год.

**Почитувани!**

По однос на Нацрт-извешатајот на Овластениот државен ревизор,од страна на ЈЗУ Општа болница Струмица се има постапено и ВИ доставуваме 1(еден) примерок од Постапување и забелешки по Нацрт извештајот, како и прилози.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

| Примено: 06. 04. 2011 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 09 | 13/10 | | |

В.Д. ДИРЕКТОР
Д-р Ирфан Максудов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
ОПШТА БОЛНИЦА СТРУМИЦА
Бр. 05-1103/2
5-04- 2011 год.
СТРУМИЦА

# ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА СТРУМИЦА

**ДО**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**ПРЕДМЕТ**: Постапување и забелешки по нацрт-Извештај
**ВРСКА** : Нацрт извештај Ваш бр. 09-13/2 од 08.03.2011

Во врска со горенаведениот нацрт-Извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Општа болница Струмица за 2009 година, врз основа на препораките дадени од Ваша страна, ЈЗУ Општа болница Струмица постапи и го изврши следното:

**4. (4.1.1 и 4.2.1).** - Раководстството на ЈЗУ Општа болница Струмица и Управниот Одбор на ЈЗУ Општа болница Струмица согласно препораката од наведените точки изготви интерен акт за начинот на водење на залихи на лекови и медицински потрошни материјали и донесе **Упатство за нарачка , прием , издавање и евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал во Болничка аптека, до болничките одделенија и специјалистичко -консултативни амбуланти при ЈЗУ Општа болница Струмица**. Упатството ќе се применува рачно се до моментот на обезбедување на софтеверско решение со кое ќе се изврши интегрирање на материјалната евиденција на залихата на лекови и медицински потрошен материјали во магазинот за лекови , материјална евиденција по одделенијата и евидентирањењето на потрошок во пресметките за извршени здравствени услуги односно во амбулантското и болничкото евидентирање.
Во Планот за Јавни набавки за 2011 година предвидена е набавка на хардвер и софтвер. Во тек е припрема на техничката спецификација за спроведување на ова јавна набавка.

Ревизијата изврши контрола во пописот на залихите на лекови и медицинските потрошни материјали по вид и количини во Болничка аптека и констатира дека во одделенијата и специјалистичко-консултативните амбуланти се води рачна евиденција за издадените лекови и медицинските потрошни материјали по вид и количнина.

**Забелешка:**

Не ја прифаќаме констатацијата дека нема податоци за вкупниот потрошок , потрошокот по вид на лекови и медицински потрошен материјал, за што Ви доставуваме и соодветната документација за вкупниот потрошок на лекови и потрошен материјал на болницата, потрошокот по вид на лекови и медицински потрошен материјал како и потрошокот по вид и количини на лекови и медицински потрошен материјал по одделенија .

**Прилог** -Упатство бр.02-1370/2 од 30.03.2011 год.
- Извештај на вкупен потрошок
- Извештај на вкупен потрошок по вид и количина на лекови и

медицински потрошен материјал
-Извештај за потрошок по вид и количини на лекови и медицински потрошен материјал по одделенија
-План за јавни набавки за 2011 год. бр. 02-749 од 18.02.2011 год.

**4.(4.2.2.)** По однос на точката за набавка, производство и издавање на храна од кујната за потребите на пациентите кои се болнички згрижени, од страна на Раководстството на ЈЗУ Општа болница Струмица и Управниот Одбор на ЈЗУ Општа болница Струмица согласно препораката изготвени се пропишани критериуми/нормативи на потребните видови и количини на храна за приготвување на оброци во кујната и процедура за евиденција на потрошокот на артиклите за приготвување на храна согласно бројот на пациентите кои се болнички згрижени .

Прилог -Нормативи бр. 03-1331/1 од 24.03.2011 год
-Процедура бр.02-1369/2 од 30.03.2011 год.

**( 4.2.3 )** Внатрешна ревизија

По одос на основање на Единица за внатрешна ревизија, Раководстството на ЈЗУ Општа болница Струмица и Управниот Одбор согласно препораката од нацрт- Извештајот, изврши дополнување и измена на Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места во ЈЗУ Општа болница Струмица, со кое дополнување е имлементирана Служба за внатрешна ревизија. Меѓутоа во моментот болницата не располага со таков кадар, а за вработување на истиот согласност дава исклучиво Министерството за здравство на РМ и Министерството за финасии на РМ.

ЈЗУ Општа болница Струмица во последниве години се соочува со недостиг на кадар за што и има доставено повеќе барања за вработување.

**Прилог**: Одлука за дополнување и измена на одредби на Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места во ЈЗУ Општа болница Струмица бр.02-1372/2 од 30.03.2011год,

**( 4.3.1 )** По однос на упишување на право на сопственост на недвижности, ЈЗУ Општа болница Струмица го има започнато процесот за добивање на имотни листови. По доставеното Барање за излагање на недвижности од 18.12.2008 година од страна на болницата до Агенцијата за катастар на недвижности на РМ - одделение за недвижности Струмица, за внесување на објектите во катастарската евиденција се нема постапено од причина што болницата не располага со комлетна документација за објектите, кои потекнуватат од поранешниот правен субјект Медицински Центар - Струмица, од кој се формирани два правни субјекти Здравствен дом-Струмица и ЈЗУ Општа болница Струмица .

Во моментот од страна на економскиот оператор е изработен Геодетски Елаборат за запишување на правата на сопстевеност за два објекта кои се дислоцирани и се наоѓат на друга локација од седиштето на ЈЗУ Општа болница Струмица и за истите до Агенцијата за катастар на недвижности на РМ се поднесе Пријава бр. 1126 од 24.03.2011 година за запишување на правата на недвижностите, Геодетски елаборат и докумети со кои располага болницата.

За другите објекти е во тек изработката на Геодетски Елаборати, по нивното изработување истите ќе бидат доставени до Агенцијата.
Прилог: пријава бр. 1126 од 24.03.2011 год.

**( 4.3.2 )** ЈЗУ Општа болница Струмица превзема активности за обезбедување на средства преку Министерство за здравство на Република Македонија за завршување на започнати инвестициони работи. А по однос на документацијата за Новиот објект на болницата составен од две крила Блок А и Блок Б истата се наоѓа во Министерство за здравство на РМ - Сектор за програмирање и проектирање.

**( 4.3.3 )** Превземени се активности од страна на Раководстството на ЈЗУ Општа болница Струмица и Управниот Одбор на ЈЗУ Општа болница Струмица согласно препораката изготвени и пропишани се:

Прилог

- Процедура за вршење на попис на целокупните залихи на лекови и медицински потрошен материјал , нивно евидентирање и усогласување на фактичката со сметководствената евиденција 02-1374/2 од 30.03.2011год.

- Процедура за вршење на попис на средствата , обврските и побарувањата , нивно евидентирање и усогласување на фактичката со сметководствената евиденција бр. 02-1371/2 од 30.03.2011 год.

**( 4.3.4 )** Се прифаќа препораката за комплетна поткрепувачка документација за евиденција на побарувањата за извршени здравствени услуги по националните превентивни и куративни програми за здравствена заштита , како и Извештаи за реализација на активностите предвидени со програмите до Министерството за здравство .

**( 4.3.5 )** Во врска со препораката дека по извршената анализа на финансиските извештаи на Болницата, каде што е констатирано билансните позиции не се извршени согласно сметковотственто начело на парично искажување, Болницата ги прифати сугестиите на Ревизијата и се презедоа одредени активности.Комисијата имаше задача да ја утврди причината на неусогласеноста помеѓу сретствата и изворите на сретствата во самите извештаи.

Земајќи ја предвид ситуацијата , дека со предлогот што го дава Комисијата,ќе бидат надминати сите досегашни неусогласености во извештајот,како и тоа дека во иднина ,почитувајќи ги сметковотствените начела на парично искажување на позициите,предлага да се прифати Предлогот на Комисијата,а истовремено се даде налог на одговорните лица во Службата за економско сметководствено работење да спроведат соодветните книжења.За истото се направени консултации со Консалтинг друштва.

Предлогот го даваме на Ваше разгледување.

Прилог . Извештај од Комисија бр. 05-1451/1
Финансиски налог бр 1/1
Заклучен лист

**( 4.4.1 )** Превземени се активности од страна на Раководстството на ЈЗУ Општа болница Струмица и Управниот Одбор на ЈЗУ Општа болница Струмица согласно препораката е изготвено процедури за начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки и воспоставување на контроли за нивно следење како и следење на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Во врска со неусогласеноста на Планот за јавни набавки за 2009 година со утврдениот Буџет за 2009 година,сакаме да укажеме дека План за јавни набавки за 2009 година е донесен врз основа на понудената Проекција на приходи и расходи за 2009 година.Истата е реална и базира на реално планираниот и остварен вид и обем на здравствени услуги,што укажува и фактот на разликата помеѓу

-фактурирана реализација од ФЗОМ - 286,497 ил.ден.
-исплатена реализација од ФЗОМ - 217,288 ил.ден.
**Разлика 69,209 ил.ден**
што е констатирано во точка 6,1 од Предлог Извештајот.

Прилог: - Процедури бр. 02- 1373/2 од 30.03.2011 год.

За забелешките по однос на спроведување на набавките од мала вредност кои беа покасно евидентирани во Планот за јавни набавки, е постапено и се врши хронолошко следење на истите како и по однос на Изјавите за постоење или непостоење на судир на интереси. Членовите на Комисијата на ЈЗУ Општа болница Струмица ги потпишуваат истите изјави.

Прилог.: Одлука за дополнување и изменување на Планот за Јавни набавки за 2011 год. бр. 749/2 од 28.03.2011 год.

**Забелешка по табела - Прилог бр.2** - сакаме да укажеме на вредноста на искористеност на јавната набавка во однос на вредноста на склучените договори и износот предвиден во Планот за јавни набавки за 2009 година.

- тендер бр.15/2009 за набавка на реагенси, тестови и потрошен материјал за лабараторија , со рок по Договори од 24,11,2009 до 24,11,2010 год.
- тендер бр.09/2009 за набавка на реагенси, тестови и потрошен материјал за трансфузија , со рок по Договори од 14,07,2009 до 14,07,2010 год.

| тендер | Износ по План за јавна набавка | Вредност на склчени договори | Искористеност на јавната набавка | % на искористеност | % на искористеност |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 1/3 | 2/3 |
| 15/2009 лабараторија | 7,200,000 | 13,486,858 | 4,650,204 | 64,5 | 34,5 |
| 07/2009 трансфузија | 5,200,000 | 7,704,258 | 3,485,066 | 67,0 | 45,2 |

**Фактичката состојба на искористеност на тендерите е многу пониска од вредноста на склучените договори и планот за овие јавни набавки.**

**Прилог**: картици за искористеност на јавната набавка

**Забелешка по табела - Прилог бр.3** - сакаме да укажеме на вредноста на искористеност на јавната набавка, во однос на вредноста на набавката утврдена по Одлука за јавна набавка и износот предвиден во Планот за јавни набавки за 2009 година .

- тендер бр.15/2009 за набавка на реагенси, тестови и потрошен материјал за лабараторија , со рок по Договор од 24,11,2009 до 24,11,2010 год.
- тендер бр.16/2009 за набавка на немедицинска опрема и ситен инвентар, со рок по Договор од 02,11,2009 до 02,11,2010 год.
-

| тендер | Вредност на набавката утврдена со Одлука за јавна набавка | Вредност на набавката утврдена по План за јавни набавки | Искористеност на јавната набавка | % на искористеност | % на искористеност |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 1/3 | 2/3 |
| 15/2009 лабараторија | 8,000,000 | 7,200,000 | 4,650,204 | 58.1 | 64.5 |
| 16/2009 наб.нанемед. опрема и сит..инв. | 1,200,000 | 600,000 | 84,040 | 7.0 | 14.0 |

**Фактичката состојба на искористеност на тендерите е многу пониска од вредноста на Одлукате за јавни набавки и планот за овие јавни набавки.**
**Прилог**: картици за искористеност на јавната набавка

По однос на постапката за јавна набавка на инсулин и инсулински аналози бр.06/2008 е забележено дека не е спроведен чл. 200, 214 и 217 од ЗЈН за поднесената забелешка од страна на економскиот оператор Реплек АД Скопје. Меѓутоа од страна на економскиот оператор не е доставена Жалба до Државната комисија за Јавни набавки на РМ, што се гледа и од доставениот допис, **односно се работи за забелешка доставена до Директорот на ЈЗУ Општа болница Струмица.**

Комисијата за јавни набавки ја има прифатено доставената забелешка и утврдила дека наводите за превид во поенирањето и евулуацијата при работата се точни.

Поради што и се има изготвено Решение за изменување на Решение бр. 05-3150 од 29.07.2008 год. Истото е доставено до економскиот оператор Др - Пановски Скопје, кое **Решение го има прифатено и за истото нема поднесено Жалба.**

Согласно член 200, 214 и 217 кои се однесуваат за регулирање на материјата по Жалби од ЗЈН, ЈЗУ Општа болница Струмица не постапила бидејќи се работи за **поднесена Забелешка од Економскиот оператор до Директорот а не за Жалба доставена до Државната комисија за јавни набавки на РМ.**

Прилог:

- Допис од Реплек АД Скопје
- Решение за измена на Решение

**6.3 Забелешка**

ЈЗУ Општа болница Струмица во 2009 година по основ на склучени договори за набавка на лек ( bonviva ) има набавено 133 броја од лекот по цена согласно склучените договори од 6,617,41 денари за вкупна вредност од 880.116,00 денари .Согласно утврдената референтна цена за лекот во износ од 2.324,00 денари по вкупната набавка за 2009 година од 133 броја се добива вредност од 309.902,00 денари . Со тоа Болницата има превземено обврски во повисок износ за 571.024 денари, а не како што е наведено во Нацрт извештајот за 1.571.000 денари .

Напоменуваме дека во врска со набавката на лекови од групата **Bisphosphonates** имавме избрано лек со назив **Бондронат,** со наш тендер објавен во Сл. весник на РМ бр.61 од 14.05.2008 год.

Лекот **Бонвива** од групата **Bisphosphonates** кој припаѓа на листата на лекови кои паѓат на товар на ФЗОМ се објавени во Сл. весник на РМ бр.100 од 08.08.2008 година.

Врз основа на Известување од ФЗОМ бр.03-3340/2 од 22.09.2008 год. ни се наложува да се дополни листата на лекови кои паѓат на товат на ФЗОМ за лекот Бонвива, кој што е со режим на препишување во болнички услови.

На таквото известување Болницата даде одговор до ФЗОМ бр. 05-3912/2 од 29.09.2008 год. во кое укажуваме дека веќе со претходниот тендер е избран лекот Бондронат, како претставник на групата **Bisphosphonates,** по референтна цена.

На 06.10.2008 год. од страна на ФЗОМ добивме Известување бр.03-3340/4 за **примена на листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ,** со кое ни се наложува да ги обезбедиме сите лекови наведени во листата, конкретно и лекот Бонвива.

Од тие причини извршена е набавка на лекот Бонвива по договорна цена 6.617,41денари, а која што цена е пониска од единствената цена утврдена од страна на Бирото за лекови при Министерство за здравство на РМ.

Воедно напоменуваме дека лекот го нуди само еден добавувач на ниво на РМ за сите јавни здравствени установи.

Го прифаќаме Вашето укажување дека Министерството за здравство,Бирото за лекови и ФЗОМ , како надлежни институции да ги преиспитат утврдените цени , да ги утврдат причините за вака големите разлики и да превземат мерки и активности за нивно усогласување .

Прилог:

- Картица за артикл
- известување од ФЗОМ 03-3340/2 од 22.09.2008 год.
- Одговор бр. 05-3912/2 од 29.09.2008 год.
- известување од ФЗОМ бр. 03-3340/4 од 06.10.2008 год.

Со почит. **ЈЗУ Општа болница Струмица**

**ВД Директор**

**Д-р Ирфан Максудов**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Јавна здравствена установа ОПШТА БОЛНИЦА СТРУМИЦА

**Прилог број 5**

**Одговор**
**на забелешките на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Раководното лице, законскиот застапник на субјектот за периодот за кој е вршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Општа болница Струмица (во натамошниот текст Општа болница) за 2009 година, на ден 06.04.2011 година достави Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, кои се заведени под број 09-13/10 од 06.04.2011 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки и констатира дека забелешките на препораките на точките 4.1.1., 4.2.3., 4.3.3. и 4.3.5. претставуваат **известување** за превземените активности по дадените препораки, за кои Општата болница има доставено дополнителни докази, поради што дел од препораките се менуваат.
Забелешките на точките 4.2.1., 4.2.2., 4.3.1., 4.3.2., 4.4.1. и 6.3. **не се прифаќаат** поради тоа што дел од доставените забелешки претставуваат информирање за причините за утврдените состојби, без притоа да се презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или променат утврдените состојби од страна на ревизијата.

Детални објаснувања за дадените забелешки се презентирани во продолжение како што следува:

1. Упатената забелешка на **препораката на точка 4.1.1.** која се однесува на мерките кои се потребни да се превземат во насока на донесување и воспоставување интерни акти, односно активности за пропишување и донесување на политики за начинот на водење на залихите на потрошните материјали, кои ќе овозможат имплементирање на процедури во сите сегменти од работењето, претставува **известување** за постапување по дадената препорака односно Општата болница изготви и достави процедура за процесот на прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихата на лекови и медицински потрошен материјал во рамките на Болничка аптека и во рамките на секоја организациона единица одделно.
   Поради утврдената состојба се додава нов пасус кој е интегрален дел на конечниот извештај и гласи:
   „По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на Општата болница изготвена е и доставена е процедура за управувањето со залихите на лековите и медицинскиот потрошен материјал и тоа Упатство за нарачка, прием, издавање и евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал во Болничка аптека, болничките одделенија и специјалистичко-консултативни амбуланти при ЈЗУ Општа болница број 02-1370/2 од 30.03.2011 година„.

Препораката на точка 4.1.1. се менува, истата е интегрален дел на конечниот извештај и гласи:

„**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Општата болница да превземат активности со кои ќе се овозможи доследно имплементирање на процедурата за управувањето со залихите на лекови и медицинскиот потрошен материјал„.

2. Упатената забелешка на **точка 4.2.1.** која се однесува на начинот на издавањето на лекови и медицински потрошен материјал од Болничка аптека за потребите на одделните организациони единици, како и нивната евиденција, **не се прифаќа.** Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата во делот на наодот, односно во самите забелешки се наведуваат состојби кои се констатирани и од страна на ревизијата.

3. Упатената забелешка на **препораката на точка 4.2.2.** која се однесува на мерките кои се потребни да се превземат во насока на донесување и пропишување на критериуми/нормативи на потребните видови и количини храна за приготвување на оброци во кујната, **не се прифаќа**. Законскиот застапник во прилог на забелешката достави нормативи за приготвување на храната, кои не ја содржат потребната количина на артикли за приготвување на оброците предвидени со донесениот акт, што оневозможува потврдување на точноста на прикажаниот излез на залихите/искористените прехранбени продукти од магацинот во кујната, поради што не се менува утврдената состојба од страна на ревизијата.

4. Упатената забелешка на **препораката на точка 4.2.3.** која се однесува на мерките кои се потребни да се превземат во насока на предвидување и имплементирање на Единица за внатрешна ревизија во Актот за систематизација на работните места, претставува **известување** за постапување по дадената препорака, односно Општата болница донесе Одлука за дополнување и измена на одредбите од Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места во ЈЗУ Општа болница број 02-1372/2 од 30.03.2011 година, во која предвиде Одделение за внатрешна ревизија.

   Поради утврдената состојба се додава нов пасус кој е интегрален дел на конечниот извештај и гласи:

   „По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на Општата болница извршена е дополна и измена на Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места во ЈЗУ Општа болница, односно Општата болница предвиде Одделение за внатрешна ревизија„.

Препораката на наодот се менува, истата е интегрален дел на конечниот извештај и гласи:

„**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Општата болница да превземат активности за обезбедување средства и согласност од надлежните органи за вработување на работници за потребите на внатрешната ревизија„.

5. Упатената забелешка на **точка 4.3.1.** која се однесува на непревземените активности за запишување на правото на користење или сопственост на недвижностите и обезбедување на веродостојни документи-имотен лист, **не се прифаќа**. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата во делот на наодот, односно во самите забелешки се наведуваат состојби кои се констатирани и од страна на ревизијата.

6. Упатената забелешка на **точка 4.3.2.** која се однесува на некомплетната расположлива документација за сите извршени градежни работи на новиот објект во кругот на Општата болница, **не се прифаќа**. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата во делот на наодот, односно во самите забелешки се наведуваат состојби кои се констатирани и од страна на ревизијата.

7. Упатената забелешка на **препораката на точка 4.3.3.** која се однесува на донесување и воспоставување процедура за вршење на попис на целокупните залихи на лекови и медицински материјали, нивно евидентирање како и усогласување на фактичката со сметководствената евиденција, претставува **известување** за постапување по дадената препорака, односно Општата болница изготви и достави Процедура за вршење на попис на целокупните залихи на лекови и медицински потрошен материјал, нивно евидентирање и усогласување на фактичката со сметководствената евиденција број 02-1374/2 од 30.03.2011 година. Поради констатираната состојба се додава нов пасус кој е интегрален дел на конечниот извештај и гласи:

   „По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на Општата болница изготвена е и доставена е Процедура за вршење на попис на целокупните залихи на лекови и медицински потрошен материјал, нивно евидентирање и усогласување на фактичката со сметководствената евиденција број 02-1374/2 од 30.03.2011 година„.

   Препораката на точка 4.3.3. се менува, истата е интегрален дел на конечниот извештај и гласи:

**„Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Општата болница да превземат активности со кои ќе се овозможи доследно имплементирање на донесената процедура„.

8. Упатената забелешка на **препораката на точка 4.3.5.** која се однесува на спроведување вонреден попис за надминување на утврдените разлики и отстапувања на билансните позиции, како и проценувањето на билансните позиции согласно сметководственото начело на парично искажување, претставува **известување** дека во тек е постапување по дадената препорака.

9. Упатената забелешка на точка 4.4.1. која се однесува на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки **не се прифаќа,** и тоа:
   - во делот на **алинеја 1** која се однесува на утврдената состојба дека постои неусогласеност на износот на средства предвидени во Планот за јавни набавки со утврдените средства за финансирање. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата, односно во самите забелешки се наведуваат причините за утврдените состојби;
   - во делот на **алинеја 2** која се однесува на утврдената состојба дека спроведени се 19 постапки за јавни набавки со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас кои не се предвидени во Планот за јавни набавки за 2009 година односно Измена и дополнување на Планот за јавни набавки е извршена по нивното спроведување, претставува известување за постапување во наредната година, односно во 2011 година;
   - во делот на **алинеја 7** која се однесува на утврдената состојба дека Членовите на Комисијата за јавни набавки немаат потпишано Изјави за постоење или непостоење на судир на интерес, претставува известување за постапување во наредната година, односно во 2011 година;
   - во делот на **алинеја 10** која се однесува на утврдената состојба дека не е обезбедена усогласеност помеѓу износите наведени во Планот за јавни набавки и износите наведени во склучените Договори за јавна набавка, односно склучени се договори на износ поголем за 8.782 илјади денари од износот наведен во Планот за јавни набавки. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата, односно во самите забелешки се наведени образложенија за констатираната состојба;

- во делот на **алинеја 11** која се однесува на утврдената состојба дека во две постапки за јавна набавка не е обезбедена усогласеност помеѓу износите наведени во одлуките за јавна набавка и износот наведен во планот за јавна набавка, односно одлуките за јавна набавка се донесени на износ поголем за 1.400 илјади денари од износот наведен во Планот за јавни набавки. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата, односно во самите забелешки се наведени образложенија за констатираната состојба и
- во делот на **алинеја 12** која се однесува на утврдената состојба дека поднесена е забелешка од страна на незадоволен економски оператор од спроведената постапка до Општата болницата, без истата да биде доставена во вид на жалба и до Државна комисија за жалби по јавни набавки. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата, односно во самите забелешки се наведуваат состојби кои овластениот државен ревизор ги утврди во текот на вршењето на ревизијата.

10. Упатената забелешка на **точката 6.3.** која се однесува на набавката на лек (Bonviva) по повисоки цени од утврдената референтна цена, а во рамките на единствената цена утврдена од Бирото за лекови, **не се прифаќа.** Во доставените забелешки законскиот застапник земал во предвид нецелосни податоци, односно извршил анализа и споредба само на набавената количина на лекот по цена од 6.617 денари, а не и на набавената количина на лекот по цена од 6.956 денари. Утврдената состојба од страна на ревизијата се однесува за превземени обврски во повисок износ од 1.571 илјади денари за набавка на лекот по горенаведените цени.